## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 24.02.2019

Одделението за безбедност на патниот сообраќај при Секторот за внатрешни работи Скопје на 23/24.02.2019 година во периодот од 23.00 до 05.00 часот спроведе зајакната акциска контрола за откривање возачи кои управуваат со возило под дејство на алкохол на подрачјето на Скопје. Од страна на полициски службеници контролирани се 159 возачи, а кај 26 утврдено е присуство на алкохол. Откриени се и 51 останати прекршоци. Во однос на управување на моторни возила со брзина поголема од дозволената спроведена е акциска контрола на 23.02.2019 година во периодот од 06.00 до 22.00 часот, при што констатирано е дека 69 возачи ја пречекориле брзината на движење со моторно возило и издадени се мандатни платни налози. Исто така, констатирани се и 46 останати прекршоци, за кои се издадени 29 мандатни платни налози и 17 прекршочни платни налози. На 23/24.02.2019

година во периодот од 23.00 до 05.00 часот на подрачјето на Скопје со специјално возило "пајак" се подигнати 27 возила кои биле непрописно паркирани, во најголем дел на улиците „Димитрија Чуповски" и „Јордан Мијалков".

На 23.02.2019 година во 04.28 часот на ул.„Индустриска" во Виница се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Форд фиеста" со винички регистарски ознаки, управувано од М.Д.(58) од Виница и товарно возило „Ман" со скопски регистарски ознаки со полуприколка „Кроне" со винички регистарски ознаки,, управувано од Д.З.(24) од село Трсино, виничко. Притоа, со тешки телесни повреди се здобиле двајцата возачи и со возила на Итна медицинска помош биле пренесени во болницата во Кочани, од каде биле препратени во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Виница.

На 23.02.2019 година во 12.30 часот на магистралниот пат Македонска Каменица-Кочани, кај место викано „Кантурски рид", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Фиат добло" со штипски регистарски ознаки, управувано од М.Н.(61) од Штип и патничко возило „Југо" со штипски регистарски ознаки, управувано од Б.П.(49) од село Дулица-Македонска Каменица. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил возачот на возилото „Југо" и бил пренесен во болницата во Штип. Извршен е увид.

На 23.02.2019 година во 16.20 часот на локалниот пат во населба Теферич во Струга, Ф.Б.(39) од село Шум, струшко, управувајќи патничко возило „Опел астра" со струшки регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од патот. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил 15-годишен сопатник од село Шум и со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Струга.

На 23.02.2019 година во периодот од 13.15 до 14.00 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во дом и помошни простории кај лицето З.Х.(33) од село Челопек, тетовско. При претресот биле пронајдени и одземени една дигитална вага и околу 500 грама марихуана, како и други предмети со остатоци од марихуана. Лицето било приведено и задржано во полициска станица еден ден претходно бидејќи при личен преглед и преглед на возило во кое бил, исто така, полициски службеници пронашле марихуана. По целосно документирање на случајот против З.Х. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.02.2019 година околу 21.00 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека во ресторан на ул.„Јосиф Јосифовски" во Ресен настанала физичка пресметка помеѓу Б.О.(21), Л.А.(46), Т.Р.(33), од една страна и Р.Д.(51), од друга страна, сите од Република Албанија, кои работеле во Ресен. Според пријавата, во еден момент тие излегле надвор пред објектот, каде Р.Д. на Л.А. со нож му нанел убодни рани, а на Т.Р. расекотина. Полициски службеници веднаш по пријавата излегле на местото на настанот. На лицата им била укажана медицинска помош во болницата во Битола, а потоа Б.О., Т.Р. и Р.Д. биле лишени од слобода и задржани во Полициската станица Ресен, а Л.А. бил задржан на лекување. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 23.02.2019 година во 18.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на булевар „Кузман Јосифовски Питу",на семафорите кај железничката станица, на лентата за вртење лево, во такси возило „Фиат линеа" со скопски регистарски ознаки, починал такси возачот М.П.(58) од Скопје. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство. По наредба на јавен обвинител, телото на починатиот било предадено на семејството за погреб.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во содејство со сообраќајната полиција и Државниот инспекторат за транспорт на ден 22.02.2019 година во периодот од 15.00 до 18.00 часот на дел од наплатните станици во Република Северна Македонија изврши контрола на возачи кои злоупотребуваат службени легитимации и т.н. флешери со цел одбегнување плаќање на

надоместок за патарина. Од извршената контрола констатирано е дека 31 возачи постапиле спротивно на Законот, од кои деветмина возачи се вработени во МВР, 22 возачи на возила се граѓански лица кои одбегнале плаќање на патарина, за што од страна на Државниот инпекторат за транспорт им се изречени глоби во висина од 200 евра. Против полициските службеници кои ги злоупотребиле службените легитимации ќе биде поведена постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

На 23.02.2019 година во 18.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Н.З.(18) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 15.30 часот во населба Даме Груев била касната од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 23.02.2019 година во 18.35 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Д.М.(57) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 15.00 часот на улица „Моцартова" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 23.02.2019 година во 19.06 часот во СВР Куманово било пријавено дека С.В.(46) од Куманово, вработен како пожарникар во Териоријалната противпожарна единица Куманово, при интервенција – гаснење пожар на запален оџак, паднал од покрив на куќа сопственост на Ф.Ј.(40) од Куманово на ул.„Младен Стојановиќ" и се здобил со тешки телесни повреди. С.В. бил пренесен во Медицински центар Куманово каде му била укажана лекарска помош, а потоа бил пренесен во комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото извршила екипа од СВР Куманово и инспектор од Државен инспекторат за труд.

На 23.02.2019 година во 12.00 часот во СВР Тетово, А.Б.(25) од Тетово пријавил дека во сендвичара на улица „Јане Сандански" физички бил нападнат од лицата А.А. и С.Н. од Тетово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.02.2019 година во 10.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Љ.Ц.(54) од село Мирковци, скопско, пријавил дека истиот ден околу 08.00 часот, додека извршувал работни задачи во кругот на поранешен Скопски саем, физички бил нападнат од неколку непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2019 година во 00.30 часот во Полициската станица Гостивар, Б.Д.(61) од село Балиндол, гостиварско, пријавил дека на 23.02.2019 година околу 22.30 часот во угостителски објект во Гостивар на улица „Панче Попоски" физички бил нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2019 година во 03.00 часот во Полициската станица Аеродром, Р.Р.(47) од Скопје, пријавил дека на бул. „Јане Сандански" физички бил нападнат од Б.Б.(19) и Т.А.(19), двајцата од Скопје. Исто така, во Полициската станица Аеродром, во 04.00 часот било пријавено дека во казино на бул. „Јане Сандански" Р.Р. физички ги нападнал Б.Б. и Т.А. Со трите лица бил извршен разговор и ќе бидат поднесени соодветни поднесоци..

На 24.02.2019 година во 01.15 часот во СВР Штип, Т.А.(34) од Штип пријавил дека пред бурекџилница на ул. „Борис Крајгер" во Штип тој и неговиот другар С.Т. биле физички нападнати од три лица., а еден од нив со остар предмет го удрил Т.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2019 година во 00.25 часот во Полициската станица Кисела Вода, Н.Н.(55) од Скопје пријавил дека на 23.02.2019 година околу 23.10 часот пред угостителски објект на улица „Христо Татарчев" бил физички нападнат од А.К. од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2019 година во 10.00 часот во Полициската станица Центар, В.К.(55) од Скопје, такси возач, пријавил дека истиот ден во 09.30 часот, додекабил на работното место, физички бил нападнат од лицето Р.Т.(43) од Скопје. Според пријавата, на улица „Народен Фронт" во неговото возило се качил Р.Т во алкохолизирана состојба и рекол дека нема да плати и го удрил таксиметарот. Откако В.К. му кажал да излезе, Р.Т. физички го нападнал. По документирање на случајот против Р.Т. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.02.2019 година во 02.45 часот во Полициската станица Центар, Ј.Р.(35) од Скопје пријавила дека во возило „Фиат пунто" на паркинг простор на улица „Димитрие Чуповски" била физички нападнат од лицето Б.Д.(36) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.02.2019 година во 23.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Лазар Личеновски" починал Т.Т.(51) од Скопје. Смрт без траги на насилство констатирал лекар, а по наредба на Јавен обвинител над телото на починатиот била извршена обдукција и констатирано дека причина за смртта е срцев удар.

На 23.02.2019 година околу 19.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во обложувалница на улица „Коста Новаковиќ" две непознати лица извршиле разбојништво. Сторителите со закана со пиштол од вработената ги одзеле парите од дневниот промет и побенале. Се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителит и за целосно расчистување на случајот.

На 24.02.2019 година во 00.05 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Ѓ.(19) од Скопје пријавил дека пред угостителски објект на булевар „Кузман Јосифовски Питу" во Скопје физички бил нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.09.2019 година во 23.50 часот во полициска станица К.Е.(35) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 22.30 часот на булевар „Партизански Одреди" лицата С.С. и Б.Р. ја малтретирале нејзината малолетна ќерка и нејзината другарка, со кои претходно биле во љубовни врски. Според пријавата, Б.Р. и С.Р. насилно ги внеле поранешните девојки во нивното возило, а со нив влегла уште една другарка. С.С. и Б.Р. барале од девојките да се смират односно да ги продолжат врските. Откако виделе дека нема да успеат во намерата да се смират, ги оставле девојките на бул. Митрополит Теодосиј Гологанов. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.02.2019 година околу 01.00 часот во СВР Велес, Б.Ј.(27) од Велес пријавил дека пред угостителски објект во Велес физички бил нападнат од лицето И.Т.(22) од Велес. И.Т. бил приведен, а по целосно докумнетирање против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)